# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

2015 - 2017

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.

Еколошко друштво Планетум

# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

## 2015- 2017

Скопје, 2017

**Издавач:** Здружение на граѓани Еколошко Друштво Планетум – Струмица

**За издавачот:** Александар Лазаров, Претседател

**Подготвено од:** Ленче Јанакиева Цицимова, Катерина Аџи- Скерлева

**Мониторинг тим:** Никица Далакчиева, Живка  Иванова, Васка Ташева, Бети Палазова

**Уредник и рецензент:** Д-р Борче Треновски

**Уредници од Фондација Отворено општество - Македонија:**

**Данче Даниловска-Бајдевска**

**Наташа Анѓелеска**

**Лектура:** Бојан Петревски

**Дизајн и подготовка:** Бригада дизајн

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

**Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.**

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ **5**

**1. ВОВЕД** ........ **7**

**2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА** ........ **8**

**3. СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР** ........ **10**

**4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ** ........ **15**

**5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ** ........ **16**

**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ........ **39**

**7. ИЗВОРИ** ........ **42**

# ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЦЗ** | центар на заедницата |
| **ЛС** | локална самоуправа |
| **ГС** | граѓански сектор |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **МС** | Младински совет |
| **ЈПП** | Јавно приватно партнерство |
| **ЗГ** | Задоволни граѓани |
| **ОУ** | Обезбедување услуги |
| **РК** | Развој на капацитетите |
| **УБ** | Управување со буџетот |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Мониторингот на Акцискиот план е поврзан со главните цели од Стратегијата – во неговиот почеток од општината е оставена можност граѓанскиот сектор да обезбеди локална услуга за самата општина, односно да изврши мониторирање на имплементацијата на акциските планови. Со тоа се овозможува директна вклученост во дел од работата на општината и се создава чувство кај граѓанскиот сектор дека претставува важен сегмент од општественото живеење. Тоа ги поставува основите на општината за одржување ефикасен интерен систем за успешна соработка со ГС, а со тоа и исполнување на целта „Обезбедување услуги“ од Стратегијата.

Акцискиот план ќе ја заземе својата значајна и важна улога и ќе ја исполни целта од стратегијата „Обезбедување услуги“, ако одговорните одделенија ги усогласат активностите од своите програми со активностите од планот и ако ги вклучат граѓанските организации во имплементирањето на дел од активностите. При спроведувањето на мониторингот, добивме чувство дека голем дел од надлежната општинска администрација не е запознаена со самиот документ и не е вклучена во неговото изготвување, туку, едноставно, голем дел од надлежностите се само напишани на хартија, при што не се води сметка за реалноста и можноста за нивно имплементирање. Од друга страна, дел од општинската администрација, конкретно Одделението за ЛЕР и ЦЗ, се инволвирани уште од самиот почеток во изготвувањето на Акцискиот план, меѓутоа во овој случај недостига меѓусекторска координација и соработка во имплементација на активностите за коишто се одговорни.

Од извршениот мониторинг на имплементацијата на Акцискиот план за соработка со граѓанските организации, од страна на мониторинг тимовите, можат да се издвојат следниве заклучоци:

- Центарот на заедницата, како одговорен за имплементацијата на дел од активностите од Планот, досега се придржува до предвидените рокови за реализирање на активностите, меѓутоа сè уште нема делегирано претставник во Советот на Општина Струмица и нема разработено методологија за вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики.

- Општинската администрација, преку секторите и одделенијата што имаат одговорност за имплементацијата на Планот, сè уште нема делегирано јасни одговорности; се предлагаат измени на Стратегијата и на Планот, како и префрлување на одговорностите од еден на друг сектор или одделение. Најголем проблем е непостоењето на одделение за соработка со граѓанскиот сектор, и покрај тоа што тоа е наведено како приоритет во Планот.

- Најголем акцент од страна на имплентаторите на Планот се става на форумите на заедницата, како модел на вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање на политики, и покрај тоа што имплементацијата на форумите на заедниците најчесто се иницирани од други организации и фондации.

- Учеството на обуки на вработените во општинската администрација, организирани од други организации, се прикажуваат како активности од Планот за соработка со граѓанските организации, иако тие се организираат во согласност со планот на организаторот, а не согласно со Акцискиот план.

- Очигледна е слабата соработка со бизнис-секторот, како резултат на пасивноста на општинската администрација за поттикнување таква соработка и презентација на можностите од таквата соработка.

- Севкупна констатација за имплементацијата на Акцискиот план е дека е мошне амбициозен и не ја отсликува реалната посветеност на општинската адмнистрација за соработка со граѓанскиот сектор.

# 1. ВОВЕД

Целта на мониторингот е следење и процена на динамиката, обемот и имплементацијата на активностите предвидени од Акцискиот план за локална стратегија за соработка со граѓански сектор. Предмет на мониторингот беа надлежните одделенија од Општина Струмица за имплементација на Акцискиот план. Целокупниот мониторинг процес се одвиваше во периодот од јуни до декември 2016 година. Мониторинг извештајот се однесува на функционалноста на општинската администрација, која, всушност, во голем дел е одговорна за спроведување на активностите. Со мониторингот се опфатени и меѓусебните релации, односно координацијата меѓу општинската админитрација, одделните сектори, одделенијата и Центарот на заедницата на Општина Струмица, кој, исто така, е одговорен за имплементација на дел од активностите.

Извештајот од мониторингот на Акцискиот план е резултат на низа теренски активности, директни средби и комуникации со одговорните сектори. Овој документ е од големо значење, бидејќи од него јасно се добива слика за динамиката и структурата на имплементацијата на планот. Извештајот дава одредени заклучоци и препораки за тоа во што треба да се подобри овој процес во иднина, што ќе се подобри, преку следењето на овие препораки и заклучоци од страна на општината и засегнатите страни, во имплементирањето на планот. Исто така, на овој начин беше согледана и фактичката состојба во врска со искористување на општинските ресурси за остварување на стратегиските цели - колку од тие цели се исполнети, колку се имплементирани планираните активности, каква е меѓусекторската соработка.

Мониторингот беше организиран на начин што вклучува низа активности: директни средби, комуникации, анализа на документи и соработка меѓу администрацијата и граѓанскиот сектор.

.

## 2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

Општина Струмица покрива територија од 321, 5 км2 и опфаќа 25 населени места, градот Струмица и 24 села. Според пописот на населението од 2002 година, во општината живеат 32,7% од населението во југоисточниот регион или 54.676 жители и е најгусто населена општина во тој регион. Имено, просечната густина на населението во Република Македонија изнесува 82, 2 жители/км2, додека во Општина Струмица е над 100 жители/км2. Споредбата на  податоците од пописот и движењето на населението низ годините покажува дека Општина Струмица бележи пораст на населението и има позитивен природен прираст. Имено, бројот на населението во периодот 2002-2014 се зголемил за 2.107 лица, односно 3,85%. Во однос на националната припадност, доминира населението од македонска националност (91,92%), потоа турското население (6,87%), со помалку од еден процент се застапени ромската заедница и други[1].

Според официјалните податоците за возрасната структура на населението во Општина Струмица, доминира населението на возраст од 35 до 59 години. Видливо пониската стапка на младо население упатува и на тоа дека во Општина Струмица се забележува трендот на стареење на населението. Промените настанати од 2002 наваму влијаат на измена на старосната структура на населението и, според вредноста на индикаторите, во 2014 година населението во општина Струмица е во стадиумот пет, односно во „демографска старост“.

Вкупнот број на живеалишта на територијата на Општина Струмица, во согласност со податоците од последниот попис во 2002 година, изнесува 18.473. Во нив живееле 54.593 жители, поделени во 15.885 индивидуални домаќинства, со просечен број на членови на домаќинство 3,4. Околу 90% од вкупниот број на станови во 2002 година се населени, 7,6% се ненаселени, а 1,9% се користат за одмор и рекреација.

1 Детални и пошироки информации  за социоекономските и демографските карактеристики на Општина Струмица види: Социјална карта на Општина Струмица, 2016 достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=613&catID=10&pageIndex=1*, како и *http://strumica.gov.mk/*

Вкупниот број на активни деловни субјекти во Општина Струмица на крајот на 2014 година изнесувал 2.394. Од нив 68% се микро-, а 30% мали претпријатија. Бројките на деловните субјекти покажуваат дека кај микропретпријатијата има зголемување во последните неколку години, но кај малите претпријатија се забележува значително намалување на бројот во последните пет години. Од вкупно 2.394 активни деловни субјекти по сектори, во 2014 година доминира секторот за трговија на големо и трговија на мало; потоа поправка на моторни возила и мотоцикли, а понатаму следуваат преработувачката индустрија и секторот стручни, научни и технички дејности.

Вкупниот број на невработени лица во Општина Струмица во октомври 2015 изнесувал 11.973 лица. Од нив, 28 % се активни баратели на работа, додека 72 % припаѓаат во групата на други невработени лица. Овие податоци се однесуваат само на официјално евидентираните невработени лица и реалната бројка може да е поголема. Податоците од родов аспект покажуваат дека машкото население бележи повисоки стапки на невработеност. Кога станува збор за степенот на образование на невработените лица, може да се заклучи дека најмногубројни се лицата со завршено основно и средно образование.

Податоците за вклученоста во основното образование во Општина Струмица зборуваат за намалување на бројот на ученици по учебни години. Од вкупно 5.760 ученици запишани во учебната 2010/ 2011, бројот на учениците во основните училишта во 2014/ 2015 се намалил на 4.472. Бројот на ученици во средните училишта бележи намалување во последните пет години, меѓутоа не се забележуваат значителни разлики меѓу женските и машките ученици. Претпоставка е дека ова намалување се должи на миграциите, имајќи предвид дека општината има позитивен природен пораст на населението.

Бројот на пензионери во Општина Струмица, заклучно со октомври 2015 година, изнесува 12.110. Најголем дел се корисници на старосна пензија (62,3%), а потоа следуваат корисниците на семејна пензија (28%).

## 3. СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Општина Струмица во целост ги препознава важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во општината и, општо, во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Тргнувајќи од овие факти, Општина Струмица одлучи да го поттикне граѓанскиот активизам, да ја унапреди соработката со граѓанските организации и да придонесе за нивни постојан развој. Во таа насока, Општина Струмица започна процес на стратегиско планирање, со кој ги идентификуваше сегашните и идните потреби на граѓанскиот сектор и, врз основа на тоа, ги дефинираше својата визија, вредности, цели и стратегии со кои ќе одговори за задоволување на тие потреби. Резултат на таа заложба претставува изготвувањето документ -„Стратегија на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор 2015-2020", кој се однесува на соработката со здруженијата и фондациите, како дел од поширокиот граѓански сектор. Оваа стратегија има главна цел да обезбеди инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Струмица, како и да создаде предуслови за креирање ефикасни партнерства. Стратегијата на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор е изготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на граѓанските организации и општинската администрација во периодот март-ноември 2014 година. Целата стратегија е обликувана на тој начин што содржи четири различни погледи и почетни позиции, заедно со сите врски и корелации меѓу нив, поврзувајќи се со визијата на општината. Тоа се перспективите: Задоволни граѓани (што очекува граѓанскиот сектор од општината), Обезбедување услуги (кои внатрешни процеси треба да бидат воведени), Развој на капацитетите (едукација на вработените и организациски раст) и Управување со буџетот (како да се финансираат активностите) –.кои се понатаму дел и од структурата Акциските планови[2].

2 Пошироко за структурата/активностите на стратегијата, визијата, принципите и детален преглед на стратегиските приоритети види Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Струмица 2015- 2020, достапна на: *http://foom.mk/mk/Home/Publication?newsID=4966&catID=10&pageIndex=3*

Во рамките на Стратегијата е утврдена визијата на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2015-2020, која гласи: ОПШТИНА РАКОВОДЕНА ВО ПАРТНЕРСТВО СО РАЗВИЕН ГРАЃАНСКИ СЕКТОР. Оваа визија Општина Струмица планира да ја оствари со доследно почитување на утврдените принципи и вредности во партнерство со граѓанскиот сектор, кој активно ќе се вклучува во донесувањето на локалните одлуки и испораката на општинските услуги. Општината и граѓанските организации заеднички ќе се ангажираат да го стимулираат младиот едуциран кадар активно да се вклучи во активностите на граѓанското општество.

Во процесот на реализирање на стратегиските приоритети и мерки за остварување на визијата на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор во периодот 2015-2020, ќе бидат почитувани следниве принципи и вредности:

- **Еднаквост:** при имплементирањето на Стратегијата, Општина Струмица ќе има еднаков однос кон сите граѓани и нивните здруженија, без разлика на нивната етничка, верска, полова, возрасна или друга припадност.
- **Партнерство:** при имплементацијата на стратегиските приоритети, Општина Струмица ќе гради партнерства со преостанатиот јавен и бизнис-сектор, како и информирање и вклучување на засегнатите страни.
- **Доверба:** Општина Струмица ќе ги почитува интегритетот, независноста, капацитетот и способностите на сите засегнати страни вклучени во имплементација на Стратегијата.
- **Континуираност:** Општина Струмица ќе биде во постојана и непрекината соработка и комуникација со ГС во секој аспект на меѓусебните односи.
- **Транспарентност:** Општина Струмица промовира високо ниво на јавност на информациите со кои располага, услугите што се нудат, процедурите според кои се извршуваат и критериумите според кои се обезбедуваат.
- **Отчетност:** отчет за работењето на локалните власти (градоначалник, совет и администрација), за тоа што е, но и што не е реализирано во рамките на предвидените општински програми, со детални финансиски извештаи за реализираните програми, проекти, мерки и активности.

- **Партиципативност:** граѓаните и граѓанските здруженија ќе бидат активно вклучени не само во процесот на консултации туку и во креирањето на јавните политики од локално значење.
- **Иновативност:** Општина Струмица постојано ќе бара спонтани и системски постапки за воведување нови начини за поефикасно, поефективно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Стратегијата е изготвена врз база на Извештајот за тековната состојба во Општина Струмица, како и врз основа на Стратегиската анализа, кои се дадени како придружни документи на Стратегијата. Таа е придружена со Акциски план (кој е цел на овој мониторинг извештај), кој ги разработува конкретните активности и треба да придонесе за исполнување на утврдените стратегиски приоритети и мерки во насока на постигнување на визијата на Општината.

## Цели на Акцискиот план за локалната стратегијана Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2015-2017 година

Главната цел на Акцискиот план е да развие клучни активности што треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегија и Акцискиот план се основните алатки што ја водат Општина Струмица низ процесите за постигнување на визијата на општината за соработката со граѓанскиот сектор[3].

Акцискиот план ги дефинира активностите за соработка на општината со граѓанскиот сектор, кои треба да се преземат во периодот 2015-2017 година. Спроведувањето на Стратегијата во овој период се заснова врз критериумите на приоритетна потреба и реален пристап до финансиски средства за реализација на активностите согласно со предвидениот буџет на општината и другите извори на финансирање. Притоа, дел од дефинираните активности се започнати и завршени во предвидената временска рамка, додека дел од нив ќе започнат во овој период, но нивната целосна реализација ќе биде завршена во периодот предвиден за целосно спроведување на Стратегијата (до крајот на 2020). За таа цел, кон крајот на 2017 година треба да се изготви акциски план за периодот 2018-2020 година.

Со оглед на фактот дека во Општина Струмица не постои посебно одделение ниту сектор за соработка со граѓанскиот сектор, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво се одвива преку годишните програми изготвени за различни области на надлежности на Општина Струмица или, пак, со изготвување посебна меѓусекторска програма за соработка со граѓанскиот сектор. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план се дополнително разработени во проекти што јасно ги дефинираат проектните цели и очекуваните резултати, индикаторите, потребните трошоци, како и субјектите одговорни за нивната реализација. При дефинирањето на индикаторите, се внимава да се дефинираат родово одговорни индикатори, онаму каде што дозволуваат проектните цели.

3 Пошироко за структурата, целите, активностите на деталните чекори на усвоениот Акциски план види: Акциски план за локалната стратегија на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2015-2017 година.

Рамката на Акцискиот план е направена врз основа на Стратегијата на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор 2015-*2020*. Процесот на акциското планирање е изведено во соработка со заинтересираните страни – учесници на планирачките сесии (работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со надлежните структури и граѓанскиот сектор во Општина Струмица.

# 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ

Методологијата што е користена во овој мониторинг процес се состои од низа активности и рангирани низ повеќе чекори:

- На почетокот проектниот тим, врз основа на претходно поставени критериуми, формира два тима од по двајца членови - претставници на граѓанскиот сектор од Општина Струмица;
- По формирањето на мониторинг тимовите, проектниот тим реализира дводневна работилница за развој на мониториг методологии и мониторинг планови за секоја перспектива (задоволни граѓани, обезбедување услуги, развој на капацитети и управување со буџетот), од областа соработка со граѓанскиот сектор. На работилницата беше дефинирано и што треба да содржат месечните извештаи;
- Пред да се излезе на терен, проектниот тим организараше средба со претставниците од сите одделенија и сектори, како и со Центарот на Заедница (ЦЗ) на Општина Струмица, кои се одговорни за имплементацијата на планот, со цел да ги запознае и со начинот на кој ќе се врши мониторирањето. На оваа средба проектниот тим ги претстави и лицата што го вршеа мониторингот. Исто така, од страна на претставниците од секторите и одделенијата, како и на ЦЗ, беше одредено и контакт-лице претставник од одделението за човечки ресурси, со цел да се олесни комуникацијата при процесот на мониторирање;
- Пред да се излезе на терен, мониторинг тимовите изготвија месечен план за мониторинг. По секој извршен мониторинг и прибирање и анализа на податоците, тимот изготвуваше месечни извештаи од секоја мониторирана перспектива, потоа, од страна на проектниот тим извештаите и дополнителните документи беа детално анализирани и евентаулано беа закажани дополнителни средби со одговорните за решавање некои прашања;
- Целокупниот мониторинг резултираше со изготвување мониторинг извештај за Акцискиот план, кој се однесува на Стретигјата на соработка со граѓанскиот сектор на Општина Струмица.

Во текот на мониторинг процесот, беа користени повеќе методолошки техники и инструменти: метод на директно и целосно набљудување, директни средби и разговори со одговорните одделенија за имплементација на планот од општинската администарција, преглед во документацијата, анализа на документацијата и сл.

# 5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ

Мониторингот на Акцискиот план за локалната Стратегија на Општина Струмица за соработка со граѓански сектор ги опфати четирите клучни перспективи: задоволни граѓани и обезбедување услуги, развој на капацитети и управување со буџетот.

Четирите перспективи опфаќаат приоритети, како и предвидени мерки/иницијативи, активности, показатели, период на имплементација на активностите и одговорните сектори за имплементација. Во продолжение, анализирањето на податоците и клучните наоди се разработени посебно за секоја перспектива, односно мерка/иницијатива, каде што се наведени и утврдените заклучоци и препораки.

## Перспектива1: Задоволни граѓани

**Приоритет: ЗГ1**

Донесување локални политики во соработка со граѓанскиот сектор

Мерки/Иницијативи:

1.1. Создавање механизми за институционална соработка меѓу општината и граѓанскиот сектор, одговорен (Центар на заедницата).

Активности:

**Активност 1.Организирање редовни средби на ГС со институциите на ЛС**

Од страна центарот на заедницата беа доставени: извештаите за отворени денови со советниците од Комисијата за урбанизам, култура, образование, извештај за инфо-ден за доделување финасиска поддршка на проекти и програма на здруженија и фондација на Општина Струмица, записник од одржана средба, записници од број на одржани форумски сесии.

**Активност 2. Делегирање претставник на Центар на заедница во работата на Советот на локалната самоуправа.**

Советот нема делегирано формален претставник, меѓутоа, неформално, сите членови на Центарот на заедницата присуствуваат на секоја седница на Советот на Општина Струмица во зависност од точките на дневниот ред.

Мерки /Иницијативи

1.2. Вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на локалните политики

Активности:

**Активност 1. Организирање форуми на заедниците – Континуирано одржување на форумите на заедниците.**

**Активност 2. Изготвување методологија за задолжително вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политика.**

**Активност 3. Истражување на јавното мислење за вклученоста на граѓанскиот сектор во процесот на креирање локални политики.**

Мониторинг тимот при мониторирањето на Центарот на заедницата беше информиран дека овие две активности не се спроведени, како и дека во буџетот на Општина Струмица (како финасиски извор) нема предвидено 30.000 денари за имплементација на активноста.

Заклучоци:

- Центарот на заедницата, како одговорен за имплементацијата на активноста 1, континуирано организира средби со граѓанскиот сектор, располага со одредена база на податоци и извештаи од средбите;
- Центарот на заедницата и Советот на Општина Струмица немаат делегирано претставник во Советот на локалната самоуправа;
- Континуирано одржување на форумите на заедниците;
- Нема изготвено методологија за задолжително вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политика, иако периодот на имплементација е септември 2015 год.;
- Не е спроведено истражувањето на јавното мислење за вклученоста на граѓанскиот сектор во процесот на креирање локални политики, кое требало да биде завршено во септември 2015 год.

Препораки:

- Да се делегира еден формален претставник на Центар на заедница во работата на Советот на општината;
- Да се изготви методологија за задолжително вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;
- Да се преземат активности за изготвување методологија и да се спроведе истражувањето за да се објави анализата, како и да се обезбедат потребните финасиски средства за неа;
- За да учествува граѓанскиот сектор во донесувањето на одлуките и локалните политики, потребно е тој да се вклучи и да се имплементираат предвидените активности.

**Приоритет: ЗГ 2**

Обезбедување локални услуги со активно вклучување на ГС

Мониторирани: Центар на заедница на Општина Струмица и Одделението за локален економски развој (ЛЕР).

Мерки /Иницијативи:

2.1. Промоција на можностите за преземање дел од надлежностите од страна на ГС

Активности:

**Активност 1. Анализа на можностите за преземање дел од надлежностите:**

Оваа анализа сè уште е во изготвување од страна на Центарот на зедницата, бидејќи ги опфаќа секоторите на општината што се создадени со новата систематизиција, нивните надлежности и услуги.

Понатамошните активности:

**2. Креирање база на податоци за организации што можат да обезбедат услуги на локално ново во зависност од нивната област на дејствување;**

**3. Утврдување критериуми за избор на услуги од локална надлежност што може да се испорачаат од страна на ГС; и**

**4. Презентација на можностите пред заинтересираните ГО - ќе бидат реализирани откако ќе заврши анализата, бидејќи нивната реализација е поврзана со неа.**

Во однос на истата мерка 2.1: Промоција на можностите за преземање дел од надлежностите од страна на ГС - Одделението за ЛЕР, кое е одговорно за имплементација, нема изготвена анализа; исто така, нема креирана база на податоци за локални организации што можат да обезбедат услуги на локално ниво во зависност од областа на дејствување. Оваа мерка/иницијатава не е реализирана според стратегијата и за неа не можат да се обезбедат информации за тоа дали во текот на следната година оваа мерка ќе биде завршена во целост (имајќи предвид дека завршувањето на оваа мерка требало да биде во април 2016, со одржување на презентацијата на можностите за преземање дел од надлежностите пред заинтересираните ГО).

Мерки/Иницијативи:

2.2 Дефинирање на понудата и критериумите за испорака на услуги преку ГС во одделни области за чија имплементација се одговорни: Одделението за локален економски развој и Одделението за правни дејности.

Активности:

**Активност 1. Правилник за преземање на надлежностите на ЛС2.**

**Активност 2. Изработка и усвојување список на можни услуги од локална надлежност што може да се испорачаат од страна на ГС.**

**Активност 3. Јавен повик до заинтересираните ГО за преземање дел од надлежностите;**

Сè уште постои само партнерска соработка меѓу општината и граѓанскиот сектор, граѓанскиот сектор нема преземено надлежности од општината. Причина за тоа претставува фактот што општината сè уште нема добиено соодветни надлежности од централната власт за да може да реагира во овој дел. Нема список на услуги од локална надлежност што може да се испорачаат од страна на

ГС. Јавен повик за ГО за преземање дел од надлежностите нема, меѓутоа постојат поединечни јавни повици за дадени проекти од програмата Г1 за поддршка на локален економски развој во Струмица. Имајќи предвид дека не е направена анализа, не постои можнст за донесување правилник што би ја регулирал оваа проблематика (граѓанскиот сектор за надлежностите што би ги презел).

Заклучоци во однос на приоритиетот ЗГ 2:

- Во однос на ова мерка, Центарот на заедницата е во фаза на изготвување анализа на можностите за преземање дел од надлежностите од страна на граѓанскиот сектор;
- Не е изготвена анализа, нема креирано база на податоци за локални НВО што би можеле да преземаат надлежности на локална самоуправа; исто така, нема дефинирани критериуми и одржана презентација пред заинтересираните граѓански организации;
- Другите активности се во корелација и зависност од оваа анализа и не се реализирани;
- Одредени активности од страна на ГС се преземаат, меѓутоа во одредена модифицирана верзија;
- Помеѓу одделенијата одговорни за имплементација не постои постојана соработка во однос на поделбата на одоговорностите;
- Одговорните за имплемантација на овие активности во повеќе наврати напоменаа дека е потребно да се извршат одредени промени во стратегијата и да се даде на повторно усвојување на Советот на о. Струмица;
- Партнерска соработка меѓу општината и граѓанскиот сектор постои, но правилник за преземање надлежности не постои;
- Нема список на можни услуги од локална надлежност што може да се испорачаат од страна на граѓанскиот сектор.
- Постои постојано информирање од страна на Центарот на заедницата и Одделението за локален економски развој за настаните и активностите до ГС;

Препораки:

- За да се обезбедат локални услуги со активно вклучување на граѓанскиот сектор, потребно е да се преземат и да се реализираат активностите што, според планот на имплементација, требало да завршат до 2016 година;
- Поголема координација и соработка меѓу одговорните одделенија и поделба на обврските и одговорностите за преземање на активности, особено во насока на изготвување анализа и креирање база на податоци – со цел да може да се утврди какви услуги може да испорачат ГС и да се презентираат можностите;
- Да се искористи веќе стекнатата и добра соработка меѓу сите засегнати страни, вклучувајќи го тука и ГС, со цел подобра организација при преземањето на надлежностите;
- Да се модифицираат и да се усогласат со Стратегијата веќе реализираните активности;

## Приоритет:ЗГ 3

Вклучување на младиот едуциран кадар во ГС

Мерки/Иницијативи:

### 3.1. Воспоставување механизми за следење на активностите на ГС.

Активности:

**1. Анализа на постојните состојби со вклученоста на младите во постојните ГО.**

**2. Изготвување едноставни формулари за известување за активностите, потребите и плановите на ГО.**

**3. Изготвување редовни полугодишни извештаи за вклученоста на младите членови во ГО.**

### 3.2. Подигање на свеста кај граѓаните за поактивно учество во ГС

Активности:

**1. Анкета за информираноста на граѓаните за можностите што ги нуди ГС за младите.**

**2. Промотивна кампања за вклучување на младите во ГС.**

## 3.3 Форми за заеднички настап пред странските организации и донатори

Активности:

**1. Организирање работилници за едукација на младите членови на ГО за пополнување апликации за меѓународни институции.**

**2. Потпишување меморандиуми за партнерство при аплицирањето.**

**3. Изготвување заеднички апликации.**

За спроведувањето на овие мерки, каде што главен фокус е вклучување едуциран млад кадар, одговорни за имплементација се: Центарот на заедницата и Одделението за ЛЕР во општината. Преземање на активностите што се однесуваат на мерките за воспоставување механизими за следење на активностие на ГС, како и подигање на свеста за поактивно учество во ГС, не е реализирано од Центарот на заедницата, бидејќи во самиот годишен план на Центарот на заедницата не се ставени како приоритет. Центарот на заедницата работи во насока на спроведување активности кон мерката - Форми за заеднички настап пред странските организации и донатори, односно организирање работилница за едукација на млади членови за пополнување апликации за меѓународни институции.

Исто така, Одделението за ЛЕР сè уште нема изготвено анализа за утврдување на бројот на младите во постојните ГО. Единствено преку извештаите што ги прави Младинскиот совет на Општина Струмица се следат бројките на младите што се појавуваат на активностите што се спроведуваат од Младинскиот совет или од други ГО. Врз основа на овој увид, во извештаите може да заклучи дека постои висок процент на млади што се вклучени во разновидни активности преку ГО.

Во однос на активноста 3.2.1. Промотивна кампања за вклучување на младите во ГС - нема реализирано промотивна кампања.

Одделението за ЛЕР има потпишано меморандиуми за соработка со странски организации и донатори, како пример го наведоа меморандумот за соработка со „Банка за храна“ и ЛЕР при Општина Струмица, меѓутоа тие се пренасочуваат во Одделението за меѓународна соработка и европски фондови.

Во однос на активноста 3, Изготвување заеднички апликации, беше повторено дека тоа е задача на Одделението за меѓународна соработка и европски фондови, меѓутоа, заедно со Центарот на заедницата, нудат помош во нивното изготвување. Како препорака од нивна страна, произлезе дека одговорно за имплементација треба да биде Одделението за меѓународна соработка и европски

фондови, бидејќи во нивни рамки се третираат сите работи поврзани со странски донатори и организации, како и меморандуми за соработка со нив.

Заклучоци во однос на приоритетот ЗГ3 – Вклучување млади едуциран кадар:

- Не е извршена анализа на постојните состојби со вклученоста на младите во постојанте граѓански организации;
- Не се изготвени формулари за известување за активностите;
- Во однос на организирање обуки за млади членови за настап пред донатори - одржана само една обука;
- Информациите што ги добива Одделението за ЛЕР се од базата на извештаите на Младинскиот совет, кој ги изготвува за свои потреби;
- Не се користат доволно расположливите ресурси за да се исполнат одредени активности, особено за вклучување на младите;
- Во однос на формите за заеднички настап пред странски организации и донатори, Одделението за ЛЕР смета дека оваа активност треба да се пренасочи кон Одделението за меѓународна соработка и европски фондови, заедно со Центарот на заедницата;
- Поголем дел од активностите не се имплементирани, некои се делумно имплементирани, додека дел се под надлежност на друго одделение;
- Не постои унифициран систем за преземање на информации;

Препораки:

- Да се изврши анализа за да се утврди бројот на младите во постојните ГО;
- Да се изготват едноставни формулари и извештаи за активностите, плановите на ГО, за да може да се следат и да се вклучат;
- Во годишниот работен план на Центарот на заедницата, да се предвидат овие активности;

- Поголема соработка и координација меѓу одделенијата за полесно преземање на информациите и податоците;
- Да се направи систем на соработка и координација меѓу секторите;
- Поголемо вклучување на младите и организирање обуки во континуитет за пополнување апликации пред меѓународни инситуции;
- Соработката што постои меѓу вклучените да биде пофункционалана и да се искористат веке постојните ресурси за исполнување на мерките;
- Да се постави функционален систем за споделување на информациите.

## Перспектива 2: Обезбедување услуги (ОУ)

**Приоритет: ОУ 1**

Одржување ефикасен и интерен систем за успешна соработка со ГС

Мерки/Иницијативи:

1.1 Воспоставување организациска структура за соработка со ГС

Активности:

**1. Изготвување предлог-измени во организациската структура и воведување одделение за соработка со ГС.**

**2. Дополнување на организациската структура на ЕЛС во рамките на Секторот за ЛЕР (одделение за соработка со ГС).**

**3. Промена на постојната систематизација на работни места со дополнување во ново одделение.**

Одделение одговорно за овие активности е секторот за управување со човечки ресурси, којшто сè уште нема изготвено и доставено предлог-измени до МИОА. Не

постои ново одделение за соработка со ГС, меѓутоа е направена нова систематизација, која функционира преку ЛЕР (одделение за локален економски развој) и, во негови рамки, се одвива соработката со граѓанскиот сектор. При оваа соработка, одговорно лице од Одделението за ЛЕР си назначува лице што ќе контактира со ГС.

Мерки/ Иницијативи:

### 1.2 Институционализација на редовната комуникација и полесно вклучување на граѓанските организации

Активности:

**1.Анализа на досегашната комуникација со ГО.**

**2. Назначување официјално лице за комуникација и информирање на ГО.**

**3. Креирање список со е-пошта на организации до кои ќе се праќаат информации.**

**4. Редовно информирање на ГО за: општинските активности, дневниот ред на седниците на Советот, средбите со граѓани, буџетирањето, програмирањето.**

Мерки/Иницијативи:

### 1.3. Формализирање на партиципативното планирање

Активности:

**1. Редовно информирање на ГС за процесите на планирање во Општината.**

**2. Вклучување на ГС во тимовите на локалната самоуправа за изготвување на локалните плански документи.**

**3. Воведување процедура за организирање форуми во заедницата.**

**4. Организирање форуми во заедницата.**

Мерки/Иницијативи:

### 1.4. Можности за вмрежување со ГС од Бугарија, Грција и од Македонија.

Активности:

**1. Воспоставување соработка преку студиски посети на ГО во соседни држави.**

**2. Мрежа на соработка со ГС од Грција и од Бугарија**

Во однос на сите овие активности што треба да се преземаат за да се исполнат мерките, односно иницијативите, во тек е изготвување анализа, меѓутоа до конкретен документ (како што е наведено во Стратегијата) не успеавме да дојдеме. Анализите се во вид на записници од секој изминат настан и се однесуваат на тоа колку проекти се реализирани, колкав број организации учествувале *и сл.* Тие се доставуваат до одговорните лица во општината и до градоначалникот на Општина Струмица, г. Зоран Заев, но не се достапни за увид.

Одделението за ЛЕР/раководителот на Одделението за ЛЕР го определува лицето одговорно за контакт со ГС во Општина Струмица. Ова лице е надлежно за комуникација и давање информации на лицата од ГС и обратно.

Постои база на податоци на граѓански организации до кои се испраќаат навремено сите информации за настани што се поврзани со Општина Струмица. Последната таква информација што е испратена преку таа база на е-пошти е Форумот за креирање буџет за 2017 год.

Граѓанскиот сектор добива информации за сите активности што се поврзани со процесите на планирање на општината, за секој настан се испратени информации, меѓутоа не се води конкретна евиденција и не постои конкретен документ со список или со број на ГС.

Постои стандардна процедура за организирање форуми на заедницата што е издадена од ЗЕЛС, а прифатена во статутот на Општина Струмица, по која се работи при организацијата на сите изминати форуми. Организирањето форуми претставува континуиран процес, кој трае веќе пет години и се организира во партнерска соработка со Центарот на заедницата од Општина Струмица, меѓутоа, почнувајќи од 2017 година, се планира форумите да се организираат самостојно, *т.е.* без партнерска соработка.

Во однос на мерката: *Можности за вмрежување со ГС од Бугарија, Грција и од Македонија* - таа се одвива преку Одделението за меѓународна соработка и европски фондови, од каде што добивме информација дека се работи на апликации за погранична соработка со Грција и Бугарија.

Во однос на овие мерки, односно активности, Центарот на заедницата има база од податоци (е-пошта и телефонски броеви) од граѓански организации, при што ги информира постојано за секој настан поврзан со Општина Струмица. Општина Струмица редовно контактира со невладините организации преку Центарот за сите стратегии што се во изготвување, а се од важност за граѓаните. Во текот на минатата година биле донесени четири нови стратегии, а оваа година се донесе-

ни три нови стратегии, и тоа: Стратегија за култура, Стратегија за локален економски развој и Стратегија за еднакви можности на мажите и жените, при што за изготвувањето на овие стратегии секогаш биле известени граѓаните и граѓанските организации.

За организација на овогодишниот Форум на заедницата исто така, се известени сите граѓани, преку повици на социјалните мрежи и покана преку е-пошта.

Заклучоци:

- Одделение за соработка со граѓанскиот сектор ( ГС) не е  креирано.
- Постојат записници, меѓутоа изготвена анализа за досегашната комуникација со граѓанскиот сектор не е е направена.
- Лицето што е назначено за комуникација и информирање на ГО е од одделение за ЛЕР.
- Постои база на податоци на граѓански организации до кои се праќаат информации за сите настани.
- Изготвена е процедура за организирање форуми на заедница.
- Редовно организирање на форумите на заедницата.
- ГС е редовно информиран за процесите на планирањето на општината и вклучен во изготвување локални плански докумнети.
- Постои соработка со соседните држави.
- Информациите за можностите за вмрежување со ГС од соседните држави ги поседува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови.

Препораки:

- Да се направи соодветна системазиција и да се воведе одделение за соработка со ГС.
- Да се изготви анализа за досегашната комуникација со ГС.
- Да се дополни во Акцискиот план соодветното одделение за имплементација на активноста.
- Поголема соработка меѓу одделенијата во однос на размена на информации.

**Приоритет: ОУ2**

Обезбедување локална платформа за граѓанските организации од „јавен интерес“.

Мерка/Иницијатива:

## 2.1. Холистичка база податоци за ГС и нејзина промоција.

Активности:

1. Изготвување холистичка база на податоци на ГС.
2. Промоција на холистичката база на податоци.

Мерки/Иницијативи:

## 2.2. Дефинирање транспарентен систем за координација и информирање.

Активности:

1. Изготвување прирачник за стекнување статус „организација од јавен интерес“.

2. Организирање работилница со заинтересираните ГО за презентирање на процедурата за стекнување статус „организација од јавен интерес“.

Мерки/Иницијативи:

## 2.3. Воспоставување систем за подршка на ГС за испорака на услуги и постигнување „статус од јавен интерес“.

Активности:

1. Формирање регистар на ГО со статус „организација од јавен интерес“.

2. Промотивна трибина со ГО што стекнале статус „организација од јавен интерес“.

3. Изготвување информативен веб-портал.

Мерки/Иницијативи:

## 2.4. Делегирање услуги од надлежност на општината

Активности:

1. Правилник за делегирање на надлежностите

2. Донесување одлуки на Советот на ЛЦ за делегирање надлежности

Тргнувајќи од фактот дека активностите што се предвидени да се преземаат се во периодот почнувајќи од 2017 година, тие не се реализирани од страна на одговорните за имплементација.

## Перпектива 3: Развој на капацитетите

**Приоритет: РК1.**
Систематско и континуирано засилување на капацитетите на администрацијата и ГС

Мерки/иницијативи:

1.1. Воведување систем за континуирана обука на администрацијата;

Одговорни: Сектор за управување со човечки ресурси, Одделение за обуки

Во однос на активноста:

1. Анализа на досегашните состојби

Од одделението Сектор за управување со човечки ресурси се изјаснија дека има изготвено анализа на досегашните состојби, меѓутоа не располагаат со информации за годишен план на обуки, иако беше планирано тој да се реализира до декември 2015.

**Мерки/Иницијативи:**

1.2. Програми за обуки на администрацијата: меѓуопштинска и меѓуинституционална соработка, изготвување проектни а пликации, користење современи ИКТ, комуникациски вештини, организациски промени.

Во однос на активноста 1. Изнаоѓање консултантска куќа за изготвување програма за обука и спроведување обуки - договор со консултантска куќа за изготвување програма за обука и спроведување обуки сè уште се нема склучено, иако активноста е предвидено да се реализира до март 2016 год.

Во однос на активноста 2. Спроведување обуки (број на одржани обуки до декември 2017). Од секторот за управување со човечки ресурси за периодот од 1. 1. 2015 до 30. 06. 2016 се реализирани 60 обуки.

Заклучоци:

- Има изготвено анализа на досегашните состојби, меѓутоа нема изготвено Годишен план за обуки;

- Нема склучено договор со консултантска куќа за изготвување програма за обука и спроведување обуки;
- Забележано е време на чекање за добивање повратни информации од одредени релевантни институции;
- Реализирани се 60 обуки.

Препораки:

- Секторот за управување со човечки ресурси да биде поажурен во поглед на доставување на податоците;
- Да се изготви годишен план за обуки, да се склучи договор со консултантска куќа, да се подобри начинот на советување на вработените, можноста за посета и реализирање обуки од повеќе области и теми за обработка, поголем увид во работата за усовршување и напредок на државните службеници и вработените;
- Консултантската куќа полугодишно да реализира анкети на теми за потребите што ги имаат вработените за да напредуват во кариерата;
- Поголема ажурност и можност за нивно активирање и реализирање, бидејќи активностите не се реализирани во соодветниот период.

**Приоритет: РК. 2.**
Воспоставување и негување мотивиран и иновативен тим

Одговорни одделенија: Центар на заедницата, Одделение за локален економски развој ЛЕР.

Мерки/Иницијативи:

2.1. Следење на иновативните достигнувања и ширење знаења и информации за современите трендови.

Активности:

1. Редовно следење на иновативните достигнувања преку интернет, учество на саеми, обуки

Општината има учествувано на проекти што предвидуваат обуки - проектот бизнис-мрежа „Создавање поволно деловно опкружување на економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица-Кичево-Кукуш. Во

рамките на бизнис-мрежата С-К-К и проектот се предвидуваат обуки и саеми.

Во однос на активноста 2. Изготвување годишни прирачници со иновативни идеи - општината во овој период не располага со прирачник, меѓутоа, со даден предлог, би можело следната година да се изготви годишен прирачник со иновативни идеи.

3.Воспоставување регистар на обучени државни службеници што ќе вршат ширење на знаењето.

4. Реализација на обуки за ширење знаења и современите трендови.

Мерки/Иницијативи:

### 2.2. Партнерство со ГС и трансфер на знаења за заедничко изготвување стратегиски документи

Активности:

1. Изготвување база на податоци за граѓански активности што досега биле вклучени во изготвување стратегиски документи

Одделението ЛЕР има изготвено Стратегија за културата. Центарот на заедницата има изготвено база на податоци за граѓански активности што досега биле вклучени во изготвување стратегиски документи.

Во однос на активноста 2. Потпишување меморандуми за соработка со заинтересираните ГО за изготвување стратегиски документи (ЛЕР, ЦЗ) - сè уште нема потпишано меморандум, во таа насока има направено барања.

Од активноста 3. Организирање заеднички обуки за размена на искуства и меѓусебен трансфер на знаења - досега се реализиранитри обуки за стратегиско планирање во областа на културата на кои присуствувале 12-15 граѓани; во иднина е планирано да се реализираат слични активности (ќе се изготвува стратегија за образование на возрасни лица во чии рамки ќе се изготви и анализа за учество на граѓаните; таа ќе се реализира првично во 2017 година).

Заклучоци:

- Одделението ЛЕР располага со база на податоци само за културата, додека ЦЗ - со база на податоци за граѓански организации што учествувале во изготвување на стратегиските документи;

- Нема потпишано меморандуми од страна на одделението ЛЕР, туку имаат изготвувано барања;
- Досега се реализирани три обуки за стратегиско планирање од областа на културата.

Препораки:

- Во иднина одделението за ЛЕР да изготви база на податоци и за други области;
- Во иднина да се реализираат обуки и во други области.

Мерки/Иницијативи:

## 2.3 Систем за едукација на ГС во согласност со ИСО-стандардите

Активности:

1. Изготвување план за обуки согласно со интерните документи по кои работи Одделението за обуки.

2. Формирање мешовита комисија за верификација на наученото знаење.

3. Воведување регистар на спроведување обуки.

4. Спроведување обуки за ГС согласно со ИСО стандардите.

Заклучоци:

- Нема изготвено план за обуки од страна на одделението за обуки и одделението за квалитет;
- Мешана комисија за верификација на наученото знаење не е формирана;
- Нема воведено регистар на спроведување обуки;
- Нема спроведено обуки за ГО согласно со ИСО стандардите.

Препораки:

- Да се изготви план за обуки согласно со интерните документи по кои работи Одделението за обуки;
- Да се формира мешана комисија за верификација на наученото знаење;
- Да се воведе регистар на спроведување обуки.

## Перспектива: Управување со буџетот

**Приоритет: УБ 1**
Зголемување на вонбуџетските (надворешни) средства за поддршка на ГС

Мерки/иницијативи:

### 1.1. Создавање поволни административни и други предуслови за привлекување приватен капитал

Активности:

1. Изготвување правилник за ослободување од комунален надомест за вложување во ГС.

Одделението за правни работи нè извести дека нема изготвено Правилник за ослободување од комунален надомест за вложување во ГС.

Овој сектор, исто така, е одговорен за реализирање и на активноста „Изготвување правилник со критериуми за воспоставување ЈПП за кофинасирање проекти на ГС“, за која, исто така, добивме одговор дека не е изготвен и донесен од Советот на општината. Овие активности требаше веќе да бидат започнати и реализирани во периодот март-декември 2015.

2. Организирање годишна донаторска конференција во склоп на празнувањето на празникот на градот.

Од одговорните сектори (ЛЕР и ЦЗ) добивме информација дека нема реализирано вакво конферецијa, не е предвидена за оваа година, меѓутоа се размислува да биде реализирана следната година.

3.Доделување рекламен простор на компании што финансираат проекти за ГС.

Од одделението ЛЕР истакнуваат дека не постои интерес од фирмите/компаниите да им се додели рекламен простор; од тие причини, не постои список на такви фирми. Доколку во иднина се појави интерес од некоја фирма, ќе им бидат обезбедени простор и можност за рекламирање.

4. Запознавање на бизнис-секторот со Законот за донации и спонзорства.

ЦЗ нè информира дека нема реализирано такви активности. Активноста е предвидено да биде завршена до крајот на 2017, што сè уште дава простор за нејзино реализирање во следната година.

- Заклучоци:
- Нема изготвено правилник за ослободување од комунален надомест за вложување во ГС;
- Оваа година нема одржано донаторска конференција;
- Не постои интерес од страна на фирмите што сакаат да се рекламираат;
- Нема организирано презентации за запознавање на бизнис-секторот со Законот за донации и спонзорства, а со тоа и фирми што би учествувале на презентациите.

Препораки:

- Бидејќи активноста за изготвување правилник за ослободување од комунален надомест за вложување во ГС треба да биде започната и реализирана во март-декември 2015, упатуваме препорака да биде ставена во планот за реализација во следната година;
- Да се планира и да се организира донаторска конференција следната година;
- Да се контактира со фирмите што би финансирале проекти за ГС и да се добијат информации дали се заинтересирани да им се додели рекламен простор.

Мерки/Иницијативи

## 1.2. Воспоставување систем за кофинансирање проекти и активности со бизнис- и невладин секотор (ЈПП)

Активности:

1. Мапирање потенцијални области од интерес за бизнис-секторот.

2. Дефинирање области во кои општината би финансирала проекти и би поддржала ЈПП.

Од одделението за локален економски развој нè информираа дека за мерките 1 и 2 немаат изготвено конкретна анализа на приоритетни области и немат направено обука, меѓутоа постои план во иднина да ја изготват потребната анализа.

3. Изготвување правилник со критериуми за воспоставување ЈПП за кофинансирање проекти на ГС.

4. Изготвување база на податоци за стопански субјекти-корисници на објекти во ТИРЗ.

Базата на податоци сè уште не е готова, бидејќи тешко се обезбедуваат податоци.

5. Организирање трилатерални средби ЛС-Бизнис-ГС

Заклучоци:

- За првата и втората мерка немат изготвено конкретна анализа на приоритетни области и немат направено соодветна обука, меѓутоа постои план и намера во иднина да биде имплементирана;
- Нема изготвено правилник со критериуми за кофинансирање проекти на ГС;
- База на податоци за стопански субјекти-корисници на објекти во ТИРЗ сè уште не е изготвена;
- Нема организирано трилатерални средби на годишно ниво;
- Формирано е локално економско социјално тело, кое се занимава со економски социјален дијалог;

Препораки:

- Да се започне со изготвување правилник со критериуми за воспоставување ЈПП за кофинансирање проекти на ГС;
- Да се започне со изготвување база на податоци за стопански субјекти-корисници на објекти во ТИРЗ;
- Да се започне со организирање трилатерални средби ЛС-Бизинс-ГС.

Мерки/Иницијативи:

## 1.3. Интензивирање на соработката со странски донатори и фондови во партнерство со ГС.

Активности:

1. Креирање механизам за следење објави на повици од странски донатори.

2. Изготвување брошура за активностите на ГС во минатиот период - двојазична (мак. и анг.)

Од страна на ЦЗ е добиен примерок од изготвена брошура. Брошурата е изготвена на македонски и на англиски јазик (како што е предвидено) *и е* придружена со краток опис на проектите гарантирани од Општина Струмица за 2015 година (гарантирани проекти од програмата Г1, гарантирани проекти од ппрограмата V2). Брошурата, исто така, опфаќа: опис на објавен повик за прибирање проекти од областа ЛЕР (G1) и социјална заштита (V2), детали потребни за секој апликант, анекси и формулари потребни за аплицирање на една од двете програми ЛЕР(G1) и социјална заштита (V2), извештаи за одржаните настани во Центарот на заедницата на Општина Струмица, донесените одлуки за извор на гарантирани здруженија и опис на проектните реализации.

3. Организација на настани со претставници на странски донатори за презентирање добри практики од реализирани проекти финансирани од странски донатори.

Од одделението за ЛЕР истакнаа дека е предвидена завршна конференција.

4. Потпишување меморандум за соработка со ГС и фондации, со цел креирање заеднички апликации за странски донатори (во согласност со приоритетите на општината) - Потпишување меморандуми ќе се реализира континуирано до крајот на 2017 година, по барање на ГС, меѓутоа, поради ограничените податоци што доаѓаат до ЛЕР, сè уште го нема направено потребниот список.

Заклучоци:

- Изготвена брошура за активностите на ГС во минатиот период;
- Од одделението за ЛЕР истакнаа дека за презентирање на добрите  практики од реализираните проекти финансирани од странски донатори е предвидена завршна конференција.
- Не постои точна информација колку меморандуми за соработка со ГС и фондациите се потпишани, а следствено, нема податцои колку вкупно апликации се поднесени.

Препораки:

Во иднина, со цел создавање добри примери во средината во која дејствуваат граѓанските здруженија, како и за да послужат како инспирација за конкурирање на други отворени повици од домашни и странски донатори - да се изготви брошура за презентирање на проектите што се финансирани од Општина Струмица, како и брошура за користење фондови од странски донатори од страна на ГС.

Мерки/Иницијативи:

### 1.4 Обезбедување локален фонд за кофинансирање и претфинансирање проекти

Активности:

1. Изготвување правилник за собирање и распределба на средства од фондот.

Донесен е правилник од Советот на ЛС, и е предвидено во стратегијата што служи за конфинансирање до ГС.

2. Промоција на локален фонд за кофинансирање и претфинансирање проекти.

Одделението за Локален економски развој, како и Центарот на заедницата – не е направена промоција на локален фонд, останува на оваа идеја да се работи во иднина.

Заклучоци:

- Донесен правилник за собирање и распределба на средства од фондот.
- Нема организирано настан за промоција на локален фонд за кофинансирање и претфинансирање проекти.

Препораки:

Во иднина да се реализира промоција на локален фонд за кофинансирање и претфинансирање проекти преку организирање настан.

**Приоритет: УБ 2**
Обезбедување конзистентност и предвидливост на општинскиот буџет наменет за ГС

Мерки/Иницијативи:

### 2.1. Методологија за зголемување на процентот од општинскиот буџет за финансирање на ГС

Активности:

1. Анализа на моменталните состојби од аспект на постојната методологија

2. Изготвување методологија

Мерки/Иницијативи:

## 2.2. Дефинирање транспарентни и прецизни критериуми за финансирање ГС

Активности:

1. Анализа на состојбите за периодот 2010-2014

2. Изготвување правилник за условите и начините за распределба на средства и јавна расправа со учество на ГС

3. Усвојување на новиот правилник од страна на Советот на општината

Мерки/Иницијативи:

## 2.3. Мониторинг/евалуација на доделени грантови за ЗГ

Активности:

1. Анализа на досегашните искуства за периодот 2010-2014

2. Изготвување формулари за извештаи и евалуација

3. Изготвување правилник за мониторинг/евалуација на доделени грантови.

4. Изготвување извештаи за спроведен мониторинг кај ГО.

Заклучоци:

Одделението за ЛЕР има донесено методологија во чии рамки има изготвено анализа на моменталните состојби од аспект на постојната методологија. Во рамките на методологијата ги има опфатено сите активности од овој аспект, какви што се: формулари за извештаи и евалуација, изготвен правилник за мониторинг и евалуација на доделени грантови, како и формулари за изготвување извештаи за спроведен мониторинг кај ГС.

Препораки:

- Да се засили меѓусекторската соработка;
- Полесен пристап и размена на информации меѓу секторите.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од извршениот мониторинг на имплементацијата на Акцискиот план за соработка со граѓанските организации, од страна на мониторинг тимовите, може да се издвојат следниве заклучоци:

- Центарот на заедницата, како одговорен за имплементацијата на дел од активностите од Планот, досега се придржува до роковите предвидени за реализирање на планираните активности, освен што сè уште нема делегирано претставник во Советот на Општина Струмица и нема разработено методологија за вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики.
- Општинската админитрација, преку секторите и одделенијата што имаат одговорност за имплементацијата на Акцискиот план, сè уште немаат делегирано јасни одговорности, што води до предлози за измени на стратегијата и планот, како и префрлување на одговорностите од еден на друг сектор или одделение. Најголем проблем преставува непостоењето на одделение за соработка со граѓанскиот сектор, и покрај тоа што тоа е приоритет во Акцискиот план.
- Најголем акцент од страна на имплентаторите на Акцискиот план се става на Форумите на заедницата, како модел на вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики, и покрај тоа што имплементацијата на Форумите на заедниците најчесто се иницирани од други организации и фондации.
- Учеството на обуки на вработените во општинската администрација, организирани од други организации, се прикажува како активност од Планот за соработка со граѓанските организации, но тие се организираат според планот на организаторот, а не според Акцискиот план.
- Очигледна е слабата соработка со бизнис секторот, како резултат на пасивноста на општинската администрација за поттикнување таква соработка и презентација на можностите од таквата соработка.
- Сè уште не се преземени активности за исполнување делови што се од особена важност, каков што е, на пример: воспоставувањето систем за

кофинансирање проекти и активности со бизнис и невладиниот секотор (ЈПП);

- Севкупна констатација за имплементацијата на Акцискиот план е дека е мошне амбициозен, меѓутоа не ги отсликува во целост реалното окружување и капацитет на општинската администрација за соработка со граѓанскиот сектор.

# ПРЕПОРАКИ :

- Да се направи соодветна систематизација и да се воведе одделение за соработка со ГС, да се поделат одговорностите меѓу одделенијата на општинската администрација за исполнување на целите и реализирање на активностите предвидени во Акцискиот план;
- Секторот за управување со човечки ресурси да биде поажурен во поглед на доставувањето на податоците, да се изготви годишен план за обуки, да се склучи договор со консултантска куќа за подобрување на начинот на советување на вработените, можност за посета и реализирање обуки од повеќе области и теми за обработка, поголем увид во работата за усовршување и напредок на државните службеници и вработени во Законот за работни односи;
- Да се зацврсти меѓусекторската соработка, што би придонело за поголема размена на информции;
- Да се воспостави систем за размена на информации меѓу одделенијата, што значи и мотивација и активација на целокупната општинската администација, како во соработката со бизнис-секторот , така и во соработката со граѓанскиот сектор;
- Да се користи потенцијалот што го нуди граѓанскиот сектор во Општина Струмица во насока на подобрување на услугите што ги нуди Општина Струмица.

# 7. ИЗВОРИ

Најголемиот дел од податоците за овој извештај се добиени од интервјуа со вработените од одговорните оддененија на општинската администрација и со членовите на Центарот на заедницата на о. Струмица.

Социјална карта на општина Струмица, 2016, достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=6137&catID=10&pageIndex=1*, *како и http://strumica.gov.mk/*

Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Струмица 2015- 2020, достапна на: *http://foom.mk/mk/Home/Publication?newsID=4966&catID=10&pageIndex=3*

Акцискиот план за локалната стратегија на Општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2015-2017 година.

Исто така, како извори на информации од Центарот на заедницата во процесот на мониторирање, беа доставени:

- ИЗВЕШТАЈ за отворен ден со советниците од Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Струмица
- ИЗВЕШТАЈ за информативна средба со земјоделците за земјоделско осигурување
- ИЗВЕШТАЈ за отворен ден со советниците од Комисијата за култура, образование и спорт при Советот на Општина Струмица.
- ИЗВЕШТАЈ за отворен ден со членовите на Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Струмица
- ИЗВЕШТАЈ за инфо-ден за доделување финансиска поддршка на проекти и програма на здруженија и фондација на Општина Струмица.
- ЗАПИСНИК од одржана средба со здруженија и фондации во врска со јавниот повик за прибирање проекти и програмите V2 и G2 од буџетот на Општина Струмица и правилата за реализација на грантовите за здруженија и фондации
- ЗАПИСНИК од првата форумска сесија, одржана на 27.10.2015 г.
- ЗАПИСНИК од втората форумска сесија, одржана на 3.11.2015 г.
- ЗАПИСНИК од првата форумска сесија за буџет, одржана на 1.12.2015 г.
- ЛИСТА на здруженија и фондации на граѓански организации од Општина Струмица

**Визијата на Планетум** е да се развие во лидерска еколошка организација за застапување на граѓанскиот интерес во јавните политики за животна средина на национално и меѓународно ниво. Планетум бара здрава и квалитетна животна средина за сите.

**Мисијата на Планетум** е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на прашања и проблеми поврзани со отпадот, развојот на алтернативниот туризам и одржлив урбан развој.